**ОПШТИНА   БИТОЛА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2019 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Битола
г-ѓа Наташа Петровска

Изготвувач:
Сектор за финансиски прашања
на Општина Битола

*Битола, март  2020  година*

Содржина:

- Вовед 2
- Годишна сметка / наративен дел 3
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност 16
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности 20
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Бруто биланс сметка Буџет
- Биланс на состојба сметка Орган

## 1.Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители 95385
Површина и населени места 794,53 км2

Битола е лоцирана во југозападниот дел на Македонија и се наоѓа на само 13 км оддалеченост од границите на ЕУ.Битола е еден од најголемите градови во Македонија, со околу 95385 жители во градот и околните 64 рурални населби. Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

### Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Битола во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење.Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Битола произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Битола, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002),Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09), Законот за буџетите (Службен весник број 64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12, 192/15 и 167/16),макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2019 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 27.12.2018 година , го донесе Буџетот на Општина Битола за 2019 година. На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2019 година.

Во текот на 2019 година се донесени три Одлуки за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2019 година ( пренамена) и тоа на :(37-та,39-та,40-та седница) на Советот на Општина Битола одржани на ден 31.07, 29.08 и 19.09.2019 година, две Одлуки за проширување на Буџетот на Општина Битола донесени на (32-та,39-та седница) на Советот на Општина Битола на ден 23.04 и 29.08.2019 година .Усвоени се две Одлуки за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Битола за 2019 година донесени на 35-тата седница на Совет на Општина Битола одржана на ден 19.06.2019 година и на 45-тата седница одржана на ден 29.10.2019 година. Исто така, усвоени се две Измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола донесени на седниците на Советот на Општина Битола на ден 29.01.2019 година и на 15.10.2019 година. Измените и дополнувањата беа извршени заради усогласување на приходниот со расходниот дел во основнот буџет, како и заради потребите од усогласување на приходите и расходите на буџетите на локалните јавни установи .

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1.Приходи на Општината

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или соодност на планираните и реализираните приходи во буџетот.Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Битола со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

***Даночните приходи се остварени како резултат на:***

- 38011 решенија на данок на имот,
- 4993 решенија за фирмарина,
- 1090 решенија за купопродажба,
- 1499 решенија за наследство и подарок,
- 69 решенија за комунална такса за музика во јавни локали,
- 245 пресметки и договори за уредување на градежно земјиште,

издавање на одобренија за 117 прекопи на објекти од комунална инфраструктура,
- 11 барања за издавање на дозвола за вградување на подземни инсталации,

- 33 издадени лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници , 72 изводи од лиценци,

- 268 одобренија за градење, проекти за инфраструктура, елаборати за животна средина и др.

***Неданочните приходи се резултат на:***

- 275 издадени одобренија за користење на урбана опрема, издадени
- 1066 излезни фактури за закупнини,
- 369 уверенија за куќен број,
- 2000 изводи од план,
- 1400 прибележување, предбележување, запишување на одобренијата во катастар (физичка делба,промена на култура, легализација и др),имотни листови , историјати, исправки на технички грешки и др приходи.

***Дел од капиталните приходи*** се остварени како резултат на изготвени 224 урбанистички согласности и пресметки за надомест за бесправно изградени објекти.

***Трансферите ги сочинуваат*** трансферите од Агенцијата за патишта за средства од зимската служба, Дотациите од ДДВ, трансфери од Министерство за култура за Битолско лето, трансфери од Министерство за култура за проект Кино Манаки и пренесениот вишок на приходи од минатата година.

**На сметката Основен буџет на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи:**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **947.350.783** | **659.455.684** |
| **71 Даночни приходи** | **379.746.462** | **387.071.868** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 24.525.000 | 25.788.757 |
| 713 Даноци на имот | 131.200.000 | 147.112.765 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 187.502.000 | 182.485.889 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење дејност | 36.519.462 | 31.684.457 |
| **72 Неданочни приходи** | **134.350.000** | **130.021.650** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 3.100.000 | 2.690.105 |
| 723 Такси и надоместоци | 13.400.000 | 11.691.176 |
| 724 Дуги владини услуги | 100.000 | 67.000 |
| 725 Други неданочни приходи | 117.750.000 | 115.573.369 |
| **73 Капитални приходи** | **33.050.000** | **28.882.657** |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 33.050.000 | 28.882.657 |
| **74 Трансфери и донации** | **400.204.321** | **113.479.509** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 400.204.321 | 113.479.509 |

**Со напомена дека во ставката 741 не е вкалкулиран пренесениот вишок на приходи во износ од 266.792.491,00 денари.**




**сл.1 Вкупни приходи сметка Основен буџет**

Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.

**71 Планираните даночни приходи се остварени со 100 %**

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 24.525.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 25.788.757,00 денари или 100 %.

Ставка 713-Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 131.200.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 147.112.765,00 денари или 100 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги од планираните 187.502.000,00 денари остварени приходи се во износ од 182.485.889,00 денари, или 97,32%.

Ставка 718 - Такси за користење или дозволи за вршење дејност од планираните 36.519.462,00 денари остварени се 31.684.457,00 денари, 86,76 %.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 96,78 %**

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси од планираните 3.100.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 2.690.105,00 денари или 86,78%.

Ставка 723- Такси и надоместоци во од планираните 13.400.000,00 денари остварени приходи се во износ од 11.691.176,00 денари, или 87,25 %.

Ставка 724- Други владини услуги во од планираните 100.000,00 денари остварени приходи се во износ од 67.000,00 денари, или 67 %.

Ставка 725-Други неданочни приходи од планираните 117.750.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 115.573.369,00 денари , или 98,15%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 87,39%**

Ставка 733-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 33.050.000,00 денари, остварени се приходи од 28.882.657,00 денари или 87,39 %.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 28,36%**

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт од планираните 400.204.321,00 денари, остварени се приходи во износ од 113.479.509,00 денари или 28,36%.

Со напомена дека во ставката 741 не е вкалкулиран пренесениот вишок на приходи во износ од 266.792.491,00 денари.

**Вкупните приходи на Општина Битола во 2019 година се реализирани со 69,61 %.**

**На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **109.284.700** | **54.894.675** |
| **72 Неданочни приходи** | **108.253.700** | **54.894.675** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 10.000 | |
| 723 Такси и надоместоци | 99.313.500 | 48.777.793 |
| 725 Други неданочни приходи | 8.930.200 | 6.116.882 |
| **74 Трансфери и донации** | **1.031.000** | |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 1.031.000 | |




**сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности**

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 50,23%.** Пооделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Битола ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи.

**На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **113.473.306** | **42.916.383** |
| **74 Трансфери и донации** | **113.473.306** | **42.916.383** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | |
| 742 Донации од странство | 103.031.849 | 35.823.324 |
| 744 Тековни донации | 10.441.457 | 7.093.059 |




**сл.3 Вкупни приходи сметка Донации**

Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации во општината, и локалните јавни установи.

До крајот на 2019 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа;

**Во сметките за Донации** планирани со вкупен износ 113.473.306,00 денари донациите на основните и средни училишта, детските градинки,општината на оваа сметка има остварување на приход од 42.916.383,00 денари или 37,82 %.

**На сметката Заеми планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **124.262.000** | **62.664.292** |
| **75 Домашно задолжување** | **124.262.000** | **62.664.292** |
| 754 Домашно задолжување | **124.262.000** | **62.664.292** |

Во текот на 2019 година од Заемот од Светска банка , Општина Битола оствари приход од 62.664.292,00 денари од планираните 124.262.000,00 денари или 50,43%.



## 2.2 Расходи на Општината

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Битола.Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Битола утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Битола може да се прикажува по видови по сметкии и програми.Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Битола се опфатени 32 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2019 година, е извршена како резултат на спроведени **170 постапки за јавни набавки** од одделението за јавни набавки, добиени **2048 фактури** во одделението за сметководство и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09).

**На сметката на основниот буџет на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи;**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **947.350.783** | **608.311.791** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **78.172.360** | **68.649.649** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 51.179.800 | 43.527.556 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 18.021.560 | 16.339.037 |
| 404 Надоместоци | 8.971.000 | 8.783.056 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **400.000** | **26.500** |
| 412 Постојана резерва | 200.000 | |
| 413 Тековни резерви | 200.000 | 26.500 |
| **42 Стоки и услуги** | **412.073.777** | **360.484.623** |
| 420 Патни и дневни расходи | 2.000.000 | 1.006.079 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 178.650.048 | 158.572.536 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 8.759.547 | 4.698.360 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 78.128.418 | 68.276.479 |
| 425 Договорни услуги | 121.825.759 | 110.044.202 |
| 426 Тековни расходи | 18.710.005 | 14.057.263 |
| 427 Привремени вработувања | 4.000.000 | 3.829.704 |
| **45 Каматни плаќања** | **300.000** | **207.080** |
| 452 Каматни плаќања за домашни задолжувања | 300.000 | 207.080 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **76.651.370** | **74.469.860** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 37.252.452 | 37.087.662 |
| 464 Разни трансфери | 37.248.918 | 35.622.710 |
| 465 Исплата по извршни расправи | 2.150.000 | 1.759.488 |
| **47 Социјални бенификации** | **4.850.000** | **4.753.059** |
| 471 Социјални надоместоци | 4.850.000 | 4.753.059 |
| **48 Капитални расходи** | **358.903.276** | **84.132.710** |
| 480 Купување на опрема и машини | 7.933.000 | 616.104 |
| 482 Други градежни објекти | 317.575.976 | 76.115.834 |
| 483 Купување на мебел | 254.300 | 215.281 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 15.150.000 | 7.185.491 |
| 486 Купување на возила | 17.990.000 | |
| **49 Отплата на главница** | **16.000.000** | **15.588.310** |
| 491 Отплата на главнина | 16.000.000 | 15.588.310 |

**сл.4 Вкупни расходи сметка Основен буџет**




***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401-Основни плати реализирани се расходи во износ од 43.527.556,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 51.179.800,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 16.339.037,00 денари од вкупно планирани во буџетот 18.021.560,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци реализирани се трошоци од 8.783.056,00 денари од планираните 8.971.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва не е реализирана, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви реализирани трошоци во износ од 26.500,00 денари, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 1.006.079,00 денари од планираните 2.000.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, греење,комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 158.572.536,00 денари, од планираните 178.650.048,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи во износ од 4.698.360,00 денари, од планираните 8.759.54700 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 68.276.479,00 денари од планираните 78.128.418,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 110.044.202,00 денари од планираните 121.825.759,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 14.057.263,00 денари, од планираните 18.710.005,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се трошоци во износ од 3.829.704,00 денари, од планираните 4.000.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452-Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 300.000,00 денари , реализирани се трошоци во износ 207.080,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 37.087.662,00 денари, од планираните 37.252.452,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 35.622.710,00 денари од планираните 37.248.918,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 2.150.000,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 1.759.488,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 4.753.059,00 денари од планираните 4.850.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 616.104,00 денари од планираните 7.933.000,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 76.115.834,00 денари од планираните 317.575.976,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел, реализирани се расходи во износ од 215.281,00 денари од планираните 254.300,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во износ од 7.185.491,00 денари од планираните 15.150.000,00 денари.

Ставка 491-Отплата на главница, реализирани расходи во износ од 15.588.310,00 денари од планираните 16.000.000,00 денари.

Ставка 486-Купување на возила од планираните 17.990.000,00 денари, не се реализирани трошоци .

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 64,21%.Програмата А0-Совет на општината е реализирана со 93,89%,програмата А3-Подмирување на доспеани,а неплатени обврски е реализирана со 100%, програмата Г1-Локален економски развој е реализирана со 82,42%,Г2-Поттикнување на развојот на туризмот со 31,65%, програмата ГД-Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 2,30%, програмата Д0- Градоначалник е реализирана со 90,09 %, Д1-Месна самоуправа е реализирана со 62,15%, програмата Е0- Општинска администрација е реализирана со 79,55 %,програмата ЕА-Капитални трошоци на општината е реализирана со 2,57%, програмата Ј3- Јавно осветление е реализирана со 78,20 %, програмата Ј4- Јавна чистота е реализирана со 100%, програмата Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е реализирана со 73,46%, Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 100%,програмата Ј8-Други комунални услуги е реализирана со 78,82%, програма ЈА-Изградба на јавно осветление е реализирана со 5,80%, програмата ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување реализира е со 28,48%, програмата ЈД-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 23,02%, програмата ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализација е реализирана со 31,66%, ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 13,96%, ЈФ-Други комунални услуги е реализирана со 5,57%, К3-Музејска и кинотечна дејност е остварена 100%, К4-Културни манифестации и творештво е реализирана со 90,49%,КА-Културни манифестации и творештво ( капитални трошоци) е остварена со 3,94%, ЛО-Спорт и рекреација со 100%, ЛА-Спорт и рекреација (капитални расходи) со 26,82%,Н1-Основно образование со 93,73%, ЊО-Противпожарна заштита со 66,70% и Р1-Заштита на животната средина и природа е реализирана со 99,89%, РА-Заштита на животната средина и природа (капитални расходи) е реализирана со 77,05% Ф1- Урбанистичко планирање со 1,93% и Х1-Родова еднаквост е реализирана со 26,47%.

**Ставките 401,402,404 Основни плати и надоместоци** - се однесуваат на плати, надоместоци од плати и придонеси од плати за вработени , како и други надоместоци за советниците, за 12 месеци реализирани во вкупен износ од **68.649.649,00 денари** .

**Ставка 413 Тековни резерви-** се однесува на доделување на средства како помош на физички лица или институции, реализиран е износ од **26.500,00 денари** како помош за Заводот за рехабилитација Кочо Рацин за купување на телевизор за децата штитеници од установата.

**Ставката 420 Патни и дневни расходи** ги опфаќа патувањата во земјата и странство на вработените во општинската администрација, градоначалникот , претставниците од советот на општината и надворешни соработници, реализирани се во вкупен износ од **1.006.079,00 денари.**

**Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината, месните заедници, вода и канализација, ѓубретарина,течни горива за општината, противпожарната заштита, уличното осветлување,телефон и телефакс за општинската администрација и членовите на советот на општината, пошта, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила, и транспорт на луѓе (општински линиски превоз), и трошоците на училиштата реализирани преку програмата А3- за финансиска подршка на владата за долговите на училиштата, реализирана е вкупен износ од **158.572.536,00 денари.**

**Ставката 423 Алат и ситен инвентар** опфаќа : канцелариски материјал, весници, списанија и други изданија, униформи, прехрамбени артикли и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, и други материјали , и трошоците на училиштата реализирани преку програмата А3- за финансиска подршка на владата за долговите на училиштата, реализирана е со вкупен износ од **4.698.360,00 денари.**

**Ставката 424 Поправка и тековно одржување** ги опфаќа поправката на возилата и тоа лесните возила и возилата во ТППЕ , одржувањето на зградата, , дезинфекција, деритизација, , поправка и одржување на опремата ,поправка и одржување на хардверска и софтверска опрема, поправка и одржување на уличното осветление и одржување на јавните зелени површини, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата А3- за финансиска подршка на владата за долговите на училиштата, реализирана е во износ од **68.276.479,00 денари.**

**Ставката 425 Договорни услуги** ги опфаќа осигурувањата на возилата, недвижностите и правата , изработката на просторни и урбанистички планови, услугите за копирање и печатење, и договорни услуги од други лица (изведувачи физички лица за културни манифестации,лица вклучени за достава на решенија и др ), консултански услуги, и трошоците на училиштата реализирани преку програмата А3- за финансиска подршка на владата за долговите на училиштата, вкупната реализација е во износ од **110.044.202,00 денари.**

**Ставка 426 Други тековни расходи** опфаќаат членарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други опративни расходи. Реализирани се во износ од **14.057.263,00 денари,** најголем дел опфаќаат другите оперативни расходи (уплати за поднесување на завршни сметки, трошоци кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови за имот на Општина Битола,спроведување на решенија за експропријација, миење на службените возила на општината, следење на културните настани и нивно претставување во електронските медиуми, поставување и собирање на знамиња, изведувачи правни лица за културни манифестации, организирање на јавни презентации и јавни анкети за урбанистички документации др.

**Ставка 427 Привремени вработувања** е ставка за исплата на лица ангажирани во општината за вршење на административни работи и истата е реализирана во вкупен износ од **3.829.704,00 денари.**

**Ставка 452 Каматни плаќања за домашно задолжување** е реализирана во износ од **207.080,00 денари,** а се однесуваат на плаќање камата за средствата кои се повлечени како транши со заемот од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за Проектот за подобрување на општинските услуги.

**Ставка 463 Трансфери до невладини организации и спортски здруженија** е реализирана во износ од **37.087.662,00 денари**, а се однесуваат на трансфери до здруженија и граѓани , и трансфери до спортски клубови за подршка и реализација на нивните програми ќе наведеме некои организации на кој сме дале финансиска подршка:ЗГ Хепар центар,Здружение за одржлив развој Сфера, ЗГ Неаполи, Здружение за занаетчии Развој МП,Здружение за организирање на манифестации Естрада, ЗГ Тугедер Македонија,Здружение за едукација на земјоделци Зелена Берза, ЗГ Златно перо, Академија за финансиско советување Финеса,Здружение на македонците од егејскиот дел на Македонија,Комуна на власите Браќа Манаки,Сојуз на фолклорни ансамбли на Македонија,КУД Илинден,Здружение за наука и култура Нова,ЗГ 22 Нентори, Организација на жени,Македонско научно друштво, Баирска светлина, Битолски книжевен круг,Здружение Антифа,ЗГ Заедничка алтернатива, Центар за човекови права Амос,Здружение за култура и уметност Солзи и смеа,ЗГ Ромска звезда,ЗГ Ромско јато,Словенечко здружение Триглав ЗГ Сумнал,Здружение на лица со посебни потреби Емануел плус,Здружение Европска гледна точка,ЗГ Мал Монмарт ,Женска граѓанска иницијатива Клеа,Македонско хрватско друштво Марко Марулиќ,КУД Стив Наумов,ЗГ Нови перцепции,ЗУР Македонски ракотворби,Заедница на слепи лица,Заедница на инвалидски организации,Движење на околина Молика,ЗГ Етно Илинден ЗГ ПрестижЗГ Звончиња,МКЦ, Сфера,Семпер, Геосфера,Здружение на лица и деца со дијабетис тип 1 Искра и други здруженија на граќани како и трансфери до спортски здруженија, клубови кон КК Пелистер, ФК Пелистер,РК Пелистер,Општински сојуз на училишен спорт,Шаховски клуб Стево Патако,Тениски клуб Битола,Одбојкарски клуб Волеј,Планинарски спортски клуб Ѓорѓи Наумов,Спортски клуб за слепи лица Дерманџиев,ЗГ Скијачки клуб Пелистер,Велосипедски клуб Екстрим бајк тим,Женски фудбалски клуб Топ гол и други.

**Ставката 464 Разни трансфери** опфаќа плаќања во вкупен износ од **35.622.710,00 денари** и тоа за плаќања по судски решенија , за трансфери при пензионирања,трансфери по основ на решенија за боледување подолго од 6 месеци, трансфер до Центарот за развој на Пелагонискиот регион според бројот на жителите, рефундирање на трошоци на учениците за превоз, партиципација за згрижување на деца на самохрани родители во градинките, трансфери по основ на субвенции за печки на пелети ,клима уреди-инвертери , трансфери за културни манифестации од програмата за Култура за 2019 година и др.

**Ставката 465 Исплата по извршни исправи** опфаќа плаќања во вкупен износ од **1.759.488,00 денари** и тоа за плаќања на трошоци и камати по извршни исправи.

**Ставка 471 Социјални бенифиции** реализирана е во износ од **4.753.059,00 денари** е наменета за помош на лица - социјални случаеви по решение од комисија за финансии и буџет или решение од градоначалник , а во согласност со Одлуката за определување на критериумите за распределба на средства, како финансиска помош од Општина Битола.

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** реализирана е со износ од **616.104,00 денари** и ги опфаќа купување на информатичка и видео опрема, и др опрема.

**Ставката 482 Други градежни објекти** е наменета за капиталните расходи ( улици, патишта, водоводи,канализација и др) на општината и е реализирана со вкупен износ од **76.115.834,00 денари.**

**Ставката 483 Купување на мебел** е наменета за купување на канцелариски мебел за општината и мебел за детската градинка Естреја.О.Мара ( креветчиња и душеци) и е реализирана со вкупен износ од **215.281,00 денари.**

**Ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства** реализирана е во износ од **7.185.491,00 денари** , за експропријација, акции и друг капитал за основачки влог во ЈП за паркинзи и купување на акции во РК Еурофарм Работник и за купување на комјутерски софтвер.

**Ставка 491 Отплата на главнина** реализирана е во износ од **15.588.310,00 денари**, за отплата на втора и трета рата главнината за кредитот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2.

**На сметката Самофинансирачки активности на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **109.284.700** | **51.251.475** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **3.909.000** | **1.489.977** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 2.815.000 | 1.080.486 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 1.094.000 | 409.491 |
| **42 Стоки и услуги** | **83.393.700** | **42.306.916** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.857.500 | 384.911 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 9.462.700 | 4.755.710 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 37.907.400 | 22.754.023 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 13.627.600 | 6.616.341 |
| 425 Договорни услуги | 13.384.000 | 5.144.851 |
| 426 Тековни расходи | 6.754.500 | 2.651.080 |
| 427 Привремени вработувања | 400.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **1.874.000** | **741.887** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 1.874.000 | 741.887 |
| **48 Капитални расходи** | **20.108.000** | **6.712.695** |
| 480 Купување на опрема и машини | 10.635.000 | 3.513.849 |
| 481 Градежни објекти | 320.000 | |
| 482 Други градежни објекти | 3.300.000 | 775.198 |
| 483 Купување мебел | 3.555.000 | 1.329.598 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 998.000 | 105.250 |
| 486 Купување на возила | 1.300.000 | 988.800 |




**сл.5 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** се реализирани со 51.251.475,00 денари од планираните 109.284.700,00 денари или 46,90 % и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во износ од 2.815.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 1.080.486,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 1.094.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 409.491,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.857.500,00 денари, реализирани се средства во износ од 384.911,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 9.462.700,00 денари, реализирани се средства во износ од 4.755.710,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 37.907.400,00 денари реализирани се средства во износ од 22.754.023,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 13.627.600,00 денари, реализирани се средства во износ од 6.616.341,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.384.000,00 денари реализирани се во износ од 5.144.851,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 6.754.500,00 денари, реализирани се 2.651.080,00 денари.

Ставка 427-Привремени вработувања планирана е со износ од 400.000,00 денари, нема реализација.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се средства во износ од 1.874.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 741.887,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните 10.635.000,00 денари, реализирани се 3.513.849,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 320.000,00 денари, не се реализирани трошоци .

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 3.300.000,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 775.198,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 3.555.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 1.329.598,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 998.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 105.250,00 денари.

Ставка 486 - Купување на возила од планираните 1.300.000,00 денари, реализирани средства во износ од 988.800,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1 Детски градинки со 53,64 %, В2 Дом за стари лица со 61,03%, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 33,71 %,Н1 Основно образование со 16,55 %, и Н2 Средно образование со 22,55%.

**На сметката Донации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **113.473.306** | **20.324.553** |
| **42 Стоки и услуги** | **56.284.016** | **12.921.031** |
| 420 Патни и дневни расходи | 28.888.625 | 7.609.196 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 663.390 | 107.617 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 4.290.802 | 941.973 |
| 425 Договорни услуги | 16.272.111 | 3.835.374 |
| 426 Тековни расходи | 6.169.088 | 426.871 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **3.146.337** | **406.137** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 3.146.337 | 406.137 |
| **48 Капитални расходи** | **54.042.953** | **6.997.385** |
| 480 Купување на опрема и машини | 14.089.871 | 357.395 |
| 482 Други градежни објекти | 31.663.632 | 6.639.990 |
| 483 Купување мебел | 405.150 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 952.500 | |
| 486 Купување на возила | 6.931.800 | |
| | | |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Донации**

Од планираните расходи од Донации реализирани се средства од:

**Донациите** во основните, средните училишта, зоолошката градина, градинките се рализирани во износ од 13.476.913,00 денари од планираните 49.527.526,00 денари или 27,21 %.
**Донација Кино култура** од планираните 12.148.095,00 денари реализирани се средства од 17.015,00 денари или 0,14%.
**Донација Бенефит** од планираните 23.654.349,00 денари реализирани се средства во висина од 240.853,00 денари или 1,02%.

**Донација-Проект Рехабилитација и адаптација на на локален пат и цефковод с. Лавци** реализирани се средства во износ од 6.092.972,00 денари од планираните 6.092.972,00 денари или 100 %

**Донација - Креирање на можноста за работа за сите** од планираните 561.600,00 денари, реализирани се средства во висина од 280.800,00 денари или 50%.

**Донација -ОКР СРЦ 19** од планираните 432.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 216.000,00 денари или 50%

**На сметката Заеми на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **124.262.000** | **62.664.292** |
| **48 Капитални расходи** | **124.262.000** | **62.664.292** |
| 482 Други градежни објекти | 124.262.000 | 62.664.292 |

Од ставката 482 Други градежни објекти реализирани се средства во висина од 62.664.292,00 денари од планираните 124.262.000,00 денари, или 50,43% реализација за изградба на инфраструктура во АРМ - четврт 1 и 2.




**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

**3.Извештај за средствата , побарувањата, обврските, и изворите на средствата и нивната вредност**

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот.

Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојбата на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата пореално, беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалник , со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства, и ситниот инвентар како и побарувањата и обврските на Општината.

Централната комисија за попис е во состав:
Вера Китановска - Претседател
Ленче Петровска- член
Снежана Петровска - член
Сузана Николовска - зам. член

Според извештајот на Централната комисија за попис, комисијата за недвижности совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во катастарските книги на Општина Битола.

| | |
|---|---|
| **Други нематеријални права** | 7.178.451,00 денари |
| Исправка на вредноста на др. нематеријални права | 5.809.982,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **1.368.469,00 денари** |

Вредноста на други нематеријални права ги опфаќа софтверите кои ги употребуваат вработените во општина Битола ( софтвер за подземен катастар, софтвер за финансиско работење, за архивско работење, за следење на финансиската документација, софтвер за одобренија за градба, софтверот за работа на новото јавно претпријатие,нов сервер, софтвер за подршка на бекап податоците и др).

| | |
|---|---|
| **Земјиште за друга намена** | **97.728.126,00 денари** |

Вредноста на земјиштето за друга намена е земјиштето кое Општина Битола го има откупено од физички лица по пат на експропријација и донација полигон за обука на возачи (кп бр 33/2 одобрение за градба уп 30-222/2018 од 30.11.2018).

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 829.776.605,00 денари |
| Исправка на вредноста | 52.772.466,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **777.004.139,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, објекти во урбаните заедници, пречистителната станица во ИЗ Жабени, објекти во касарната, 17 монтажни киосци на шеталиште, Спортска сала Младост, Офицерски дом и Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков, Дом за доенчиња и мали деца ( Одлука на Влада број 45-8931/1 од 10.12.2019 година) и други.

| | |
|---|---|
| **Станови и деловни објекти** | 97.289.600,00 денари |
| Исправка на вредноста | 26.788.371,00 денари |
| **Сегашна вредност на објектите** | **70.501.229,00 денари** |

Вредноста на становите и деловни објекти се однесува на 8 станови во сопственост на Општина Битола , 3 дуќани , поранешно детско одморалиште Пелистер, вториот дел од зградата на поранешно Радио Битола, ќумурното игралиште, фудбалското игралиште во с. Горно Оризари, фудбалското игралиште во ОУ Даме Груев, две тениски игралишта (позади градскиот стадион),единечно тениско игралиште и др.

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

| | |
|---|---|
| **Опрема** | 103.146.465,00 денари |
| Исправка на вредноста на опремата | 88.538.352,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **14.608.113,00 денари** |

**Други материјални средства** **22.818.774,00 денари**

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на спомениците на културата (споменикот на Филип, споменикот Ангел на бранителите, и споменикот на Александар Турунџев) и дела на ликовната уметност ( слики ) со кој располага општината.

**Инвестиции во тек** **180.149.762,00 денари**

Во инвестиции во тек останувaат во евиденција: изградбата на Киното Манаки со зголемена вредност за извршените активности во 2019 година, топловодот и реконструкцијата на градскиот Стадион под Тумбе кафе кој ја зголемува вредноста на инвестициите во тек за изведените активности во 2019 година.

**Долгорочни финансиски вложени**
**и здружени средства** **1.933.351.527,00 денари**

Во оваа категорија е основачки влог на Општината Битола во јавните претпријатија, локалните јавни установи , Центар за развој на Пелагониски регион, спортските клубови и во 2019 година основачкиот влог за новото ЈП за паркизи.

Според извештајот на третата комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :

**Непокриени трошоци** **121.394.558,00 денари**
Непокриените трошоци се однесуваат на примени средства по основ на долгорочен кредит за изградба на комплетна инфраструктура во АРМ- четврт 1 и 2.Со напомена дека веќе се отплатени три рати од главниот долг.

**Пари на жиро сметка** **317.936.384,00 денари**
**Парични средства во касата**
**Бонови за гориво** **137.000,00 денари**

**Побарувањата се однесуваат на:** побарувања по основ на данок на имот за правни и физички лица е во износ од **150.603.813,00 денари**,побарувања по основ на издаден простор под закуп од деловни објекти и издавање на рекламни паноа **3.113.162,00 денари**, побарувања за користење на земјиште за поставена урбана опрема **3.425.357,00 денари**, побарувања од купувачи-надоместок за користење на автобуски стојалишта **3.798.629,00 денари**.
Комисијата во соработка со стручните служби констатира дека како други побарувања се побарувања по основ комунална такса за истакнување на фирма,комунална такса за музика за јавни локали,комунална такса за користење простор пред деловни простории,неплатен данок за наследство и подарок во износ од **128.898.704,00 денари**, и побарувања по основ на заведени судски спорови во износ од **5.572.361,00 денари**.

**Други краткорочни побарувања од**
**службениците во општинската**
**администрација** **124.939,00 денари.**

Побарувањата се однесуваат на дадени верни картички за бензин на шоферите и вработените во општината и ТППЕ единицата кои се задолжени за возилата и средства за патарини.

**Други меѓусебни побарувања во**
**односите со буџетот и фондовите** **255.245.786,00 денари.**

Побарувањата се од основните и средни училишта во чие име и сметка Општината измирила обврски(ел.енергија,превоз,нафта (53.065.095,00), побарувања од Агенцијата за рурален развој за урбанистички планови во с. Долно Оризари од 2014 година и село Дихово и Нижополе од 2016 година (2.661.177,00 денари), и побарувања од МТВ за комунална инфраструктура во населба Баир и Баденбалари во износ од 1.669.962,00 денари,побарувања на средства од Агенцијата за рурален развој за капитални инвестиции за изградба на пат во с. Маловишта 16.275.556,00 денари, излетничко место во с. Лопатица 5.093.665,00 денари, инвестиција за настрешници во пазарот 5.757.052,00 денари,побарувања од Министерство за животна средина и просторно планирање за изработка на колектор за фекални води во Бегова чешма (3.295.333,00 денари), водоснабдителен систем во с. Лисолај (1.500.000,00 денари),побарувања од Фондот за патишта 10.927.946,00 денари, побарувања од Владата на Р.М. за 2500 високоефикасни инвертер клими (155.000.000) денари.

**Обврските кон добавувачите**
**во земјата на Општина Битола** **73.605.936,00 денари.**
Обврските се однесуваат за отворени обврски за кои фактурите или ситуациите стигнале со задоцнување , и за фактури кои пристигаат во први месец 2020 година, а се однесуваат за 12-ти месец 2019 година (63.810.610,00 денари).Сите обврски доспеваат или имаат рок за плаќање во 2020 година. Обврските се однесуваат и на обврски кон добавувачи -правни лица кои истовремено се и гаранции од правните лица за извршената работа на капиталните инвестиции на општината.(КЈП Нискоградба 6.511.772,00 денари).Обврски за судски постапки во тек и завршени со добиени судски пресуди во најголем дел се однесуваат на судски спорови со вработените во ТППЕ - Битола 2.915.154,00 денари, и спорни обврски за експропријација во износ од 368.400,00 денари.

**Обврски спрема добавувачи- граѓани** **335.164,00 денари.**
Тоа се обрски кон изведувачот на споменикот за поставување на споменикот на Александар Турунџев и обврски за недоплатена отпремнина за пензија кај буџетските корисници.

**Краткорочни финансиски обврски** во износ од **14.550.616,00,00 денари.**
Во овие обврски се евидентираат, обврските на Општина Битола за враќање на парите од Заемот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2 кои се доспеани за плаќање или доспеваат во наредната година и тоа главница и камата.

**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од **531.881,00 денари.**
Тоа се обврските за нето износот на надоместок за советниците за месец 12-ти месец 2019 година, кој се исплаќа во јануари 2020 година.

**Други краткорочни финансиски обврски**
**во буџетот во износ од** **1.005.760,00 денари.**
Тоа се евидентирани повеќе уплатени средства од корисниците на општински деловен простор.

**Обрските спрема државата и други институции** **96.664,00 денари.**
Ја опфаќа обврската за плаќање на персонален данок за надоместокот на советниците за 12-ти месец 2019 година и обврската за персонален данок за авторското дело за поставување на споменикот на Александар Турунџев.

**Пресметка и обврски за плати** **5.120.753,00 денари.**
Обрските се однесуваат на неисплатената плата на општинската администрација за 12-ти месец 2019 година.

**Материјали на залиха** се во износ од **3.977.105,00 денари.**
Се однесуваат на материјали, за новогодишно украсување, канцелариски материјал и др.

**Ситниот инвентар и неговата исправка** се со износ од **10.004.470,00 денари.**

**Во класата 9- Извори на средства и вонбилансна евиденција** **3.222.901.802,00 денари**.

Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалните добра, основачките влогови на општината во локалните јавни установи и објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М, дел од капиталните инвестиции на општината (изградени водоводни и канализациони системи на улиците во АРМ - четврт 1 и 2,колектор на Бегова чешма, градскиот Стадион под Тумбе кафе, изградба на Кино Манаки,изградба и реконструкција на водоводни системи , канализациона мрежа и коловози во општина Битола, залихата на материјали за новогодишно украсување и канцелариски материјали, објекти и спортски објекти во сопственост на Општина Битола,добиените средства од домашно задолжување, возниот парк на Општина Битола , опремата , канцелариски мебел и др.
При прегледот на заведени судски спорови спрема општината утврдени се заведени спорови за надомест на штета без определена вредност (физички лица за експропријација) и др.

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа; подготвување на проекти за улици, патишта, пречестителни станици, водоводи, енергетика, и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **76.115.834,00 денари**.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици,и патишта** потрошени се средства во износ од **2.068.890,00 денари** .Проектите и елаборатите се изготвени за следните улици: Рузвелтова, локален пат с. Брусник, Сива вода, локален пат с. Барешани, Димитар.И. Мурато, локален пат с. Дихово, ревизија на сообрајќаен проект за означување на знаменитости во дел од потпелистерските села, сообраќаен проект за воведување на велосипедски патеки на дел од улица Васко Карангелевски, геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога на улица Партизанска, улица Студенска,проект за смирување на сообраќајот пред ОУ Елпида Караманди, дополнување на сообраќајен проект за смирување на сообраќај на улица Македонска фаланга,геодетски елаборат за нумерички податоци за реконструкција на пат с. Маловишта, основен проект за полигон за возачи,геодетски елаборат за нумерички податоци за с. Трново и населба Ушици и др.

**Изградба и реконструкција на улици и патишта** потрошени се средства во износ од **26.375.019,00 денари**. Вложени се средства за изградба и реконструкција на следните улици: Широка,Димитар Робев,санација на ударни дупки,реконструкција на гранитни плочки во Стара Битолска чаршија, реконструкција на коловоз на улица Климент Охридски, реконструкција на дел од улица Леринска и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за пречистетилни станици и колектори** потрошени се средства во износ **од 121.579,00 денари** и тоа за изградба на пречестителна станица,проект за заштита на животната средина за инфраструктурни приклучоци за пречистителната станица,изработка на елаборат за заштита на животната средина за канализациона инфраструктура во с. Трново,геодетски елаборат за станица на отпадни води во с. Трново-Магарево и др.

**Изградба и реконструкција на пречестителни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **20.305.251,00 денари,** за фекална канализација во АРМ четврт 2 профил 4,7,12,атмосферска канализација СРУ5 СРУ6,СРУ7,атмосферска и фекална

канализација, крак 2,3,4,5,6 кај св Недела, приклучок на фекални води на улица Пецо Божиновски,изградба на канализација на улиците Христијан Карпош и Леринска, изградба на колектор за фекални води за Бегова чешма, реконструкција на мешовита канализација на улица 13-ти јули, употреба и одржување на канализациона мрежа во дврот на СОЗУ Кузман Шапкарев,санација на дел од мешовита канализација на улица Булевар 1- ви мај,санација на мешовита канализација на улица Солунска, реконструкција на на дел од мешовита канализација на улица Паца Мирчева, изработка на шахти во АРМ,изработка на сливници и решетки на улиците Индустриска и Јорго Костовски, поставување на попречни одводни решетки на улиците М.Н.Лазо,Лавчански пат, и 8ма,чисење на реката Драгор и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **196.102,00 денари**, за проекти и елаборати на водоводни мрежа на улицата 2-ри август,ревизија на проект за водоводен систем за с. Црнеец и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **2.698.523,00 денари** и тоа: изведување на приклучок за вода во ИЗ Жабени,изведување на девијација на водоводна линија во населба АРМ четврт 2, реконструкција на водоводна линија на патот за с. Лавци,реконструкција на водоводна линија на улица Климент Охридски, реконструкција на водоводна линија на улица Васил Брклевски и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **491.911,00 денари** и тоа поставување на улично осветление на улица Широка, СРУ1 во АРМ,одржување на инсталации за греење во училиштата ОУ Даме Груев,СОМУ д-р Јован Калаузи,СОТУ Ѓорѓи Наумов,СОУ Јосип.Б.Тито,ОУ Гоце Делчев,СОУ Таки Даскало,СОЕУ Јане Сандански,ЈОУДГ Естреја.О.Мара,одржување на инсталациите за греење во општинската зграда и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за други објекти** потрошени се средства во износ од **2.295.178,00 денари,** и тоа проектна документација и ревизија за настрешници за ЈП Пазари,дополнување на програмата за детско игралиште за деца со посебни потреби,проект за фудбалско игралиште во с. Лопатица,градежни материјали за санација во ОУ Крсте.П.Мисирков с. Бистрица,СОУ Јане Сандански,ОУ Александар Турунџев,ОУ Климент Охридски, ревизија на проект за адаптација на спортски терен во ОУ Кирил и Методиј, геодетски елаборат за премер на внатрешна површина во Дом за доенчиња,изработка на проект за затворен пливачки базен,основен проект за адаптација на куглана во Спортска сала,дополнување на програмата за урбана опрема на јавни површини за Лизгалиште,геодетски елаборат за спортско игралиште кај МЗ Димитар Влахов,проекти за препарцелизација на Блок Млекара и пат Битола- с. Новаци и др.

**Изградба и реконструкција на други објекти** потрошени се средства во износ од **20.427.741,00 денари** и тоа за: чистење на реката Драгор,изработка на бетонски зид за заштита од одводен канал кај детската градинка с. Кравари,изградба на северна трибина на стадион под Тумбе кафе (платено до 12/2019 година),санација на прозори во СОЗУ Кузман Шапкарев,градежни материјали за санации на простории во СОТУ Ѓорѓи Наумов,реконструкција на тоалети во ОУ Гоце Делчев,замена на оштетени стакла и прозори во основните и средни училишта, градежњен материјал за реконструкција во МЗ с. Кишава,градежно занаетчиски работи во старата општинска зграда кај изборната комисија, реновирање на покрив на општинската зграда, градежен материјал за реновирање во спортската сала Боро Чурлевски,работа со машини,градежни материјали за реновирање во ОУ Климент Охридски,покривачки и лимарски работи кај ОУ Даме Груев, градежно-занаетчиски работи во општинската зграда,градежни материјали за санација во СОМУ д-р Јован Калаузи, ОУ Александар Турунџев с. Кукуречани,браварски и столарски работи во спортска сала Боро Чурлевски,во објектот Кино Манаки,градежно-занаетчиски работи во Ќумурното игралиште,занаетчиски работи во салата за состаноци во општинската

зграда,изградба на термотехницки инсталации во објектот Кино Манаки, трошоците на училиштата реализирани преку програмата А3- за финансиска подршка на владата за долговите на училиштата и др.

**Надзор над изградбата на претходно споменатите проекти** потрошени се се средства во износ од **1.135.640,00 денари.**

**На сметката Дотации на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупно Приходи** | **744.366.553** | **718.190.755** |
| **74 Трансфери и донации** | **744.366.553** | **718.190.755** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 744.366.553 | 718.190.755 |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | |




**сл.7 Вкупни приходи сметка Дотации**

Приходите на оваа сметка се остварени по основ на Трансфери од други нивоа на власт односно од соодветните Министерства на локалните јавни установи , и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

**На сметката Дотации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **744.366.553** | **692.229.680** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **627.715.566** | **609.823.167** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 454.545.117 | 441.924.708 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 173.170.449 | 167.898.459 |
| **42 Стоки и услуги** | **101.810.212** | **81.001.989** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 52.848.132 | 44.916.880 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 4.457.457 | 3.038.980 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 4.036.521 | 1.835.477 |
| 425 Договорни услуги | 40.054.181 | 30.919.505 |
| 426 Др.тековни расходи | 413.921 | 291.147 |
| **48 Капитални расходи** | **14.840.775** | **1.404.524** |
| 480 Купување на опрема и машини | 1.942.927 | 802.778 |
| 482 Др.градежни работи | 10.897.848 | |
| 483 Купување на мебел | 2.000.000 | 601.746 |




**сл.8 Вкупни расходи сметка Дотации**

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација се во износ од 692.229.680,00 денари од планираните 744.366.553,00 денари или 93% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 441.924.708,00 денари, од планираните 454.545.117,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 167.898.459,00 денари, од планираните 173.170.449,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 44.916.880,00 денари од планираните 52.848.132,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423-Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 3.038.980,00 денари, од планираните 4.457.457,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 1.835.477,00 денари, од планираните 4.036.521,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 30.919.505,00 денари, од планираните 40.054.181,00 денари.

Ставка 426-Други оперативни расходи од планираните 413.921,00 денари, реализирани се трошоци во износ од 291.147,00 денари.

Ставка 480-Купување на опрема и машини од планираните 1.942.927,00 денари, реализирани се трошоци од 802.778,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти бил планиран износ од 10.897.848,00 денари, не се реализирани средства.

Ставка 483-Купување на мебел бил планиран износ од 2.000.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 601.746,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1 Детски градинки е 80,85 %, В2 Дом за стари лица 78,18 %, К3 Музејска и кинотечна дејност е 96,20 % Н1 Основно образование со 98,69 %, Н2Средно образование со 89,85 %, и програмата Ђ0 со 95,62 %.

Резултатите во 2019 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Битола. Советот одржа вкупно 23 седници на кои беа разгледани 528 точки. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 6 сектори, 20 одделенија и една единица, со организиран едношалтерски систем на услуги за делокругот на обврските на локалната самоуправа.

**Бр 09-20/7**
**09.03.2020 год.**
**Битола**

**Сектор за финансиски прашања**
**на Општина Битола**